РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-3577/2
04-02-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60- та седница одржана на 28.01.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот бр. 09-3577/1 од 15.10.2020 година, оформен по доставена пријава против службено лице ---------, градоначалник на ---------- **СЕ ОТФРЛА.**

По проверка и анализа на податоците, ДКСК утврди нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службеното лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 09-3577/1 од 15.10.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 15.10.2020 година, поднесена е пријава во која има наводи дека Градоначалникот на Општина ----------- влијаел во постапка за вработување на својата ќерка во ООУ -------------. Нема информација за податоци (име и презиме) на ќерката на градоначалникот. Понатаму пријавителот наведува тој е вработен на неопределено време во истото училиште и секоја учебна година е прераспределен како наставник по ------------ во с. --------------. При ослободување на работно место во ООУ -------------, секогаш било пополнето од наставен кадар кој бил распределен во с. ------------. Но, во конкретниот случај настанал исклучок, односно во моментот кога се ослободило работно место за наставник по ------------ во ООУ -------------, работното место било пополнето од ќерката на Градоначалникот на Општина --------------. Пријавителот останал да предава во с. -------------, што е оддалечено

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

14км од неговиот дом. Според пријавителот, во конкретниот случај големо влијание има самиот градоначалник.

Заради проверка на наводите изнесени во пријавата контактиран е пријавителот преку телефонски разговор, бидејќи истиот има наведено само телефонски број.

ДКСК побара од пријавителот да ја допрецизира пријавата, односно да достави податоци за ќерката на Градоначалникот. До одржување на седницата. Пријавителот не ги достави бараните податоци.

Понатаму, според наводите во пријавата, ќерката на Градоначалникот на општина ----------- е вработена во ООУ ------------, каде согласно закон уредената постапка Градоначалникот на Општина ------------ нема никакви ингеренции и не може да биде вклучен во постапката, односно во конкретниот случај не може да се утврди повреда на член 74 од ЗСКСИ.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изготвил: С.М-виш соработник
Контролирал: К.З- раководител
Одобрил: м-р Ш.С – член на ДКСК